Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

ноември 2012 година
Штип

Број 92, 15 ноември 2012 година

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно-научната област биологија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научните области електротехника и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научната област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научна област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на два наставника во сите звања за наставно-научната област/поле клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за наставно-научната област/поле фармацевтска технологија и социјална фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област јавно здравство и здравствена заштита на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 46

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 53

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез композиција и џез гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 59

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти – обоа и камерна музика на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 64

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 77

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 82

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 87

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Агрохемија и исхрана на растенијата” поднесен од авторот Рубин Гулабоски, вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 90

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник со наслов „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 94

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 97

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 100

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И КОМПЈУТЕРСКА КОНТРОЛА НА КОМПЛЕКСНИ ИНДУСТРИСКИ ПРОЦЕСИ НА ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2302-132/19 од 11.9.2012 год., донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Електротехничкиот факултет одржана на 11.9.2012 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во звање ***асистент/ помлад асистент*** за научните области ***електротехника и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси*** на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Во предвидениот рок на Конкурсот се јавија следниве кандидати: м-р Билјана Читкушева-Димитровска, м-р Маја Лазарова и м-р Зоран Златев, за избор во соработничко звање асистент/помлад асистент за научните области *електротехника и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси*. Во текот на рецензентската постапка, кандидатот м-р Зоран Златев ја повлече својата документација и Комисијата не ја зеде предвид при разгледувањето.

По прегледувањето на приложената документација од кандидатите до Наставно-научниот совет на Електротехничкиот факултет го поднесуваме следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатката **м-р Билјана Читкушева-Димитровска** се стекнала со звање магистер по електротехника и информациони технологии на студиската програма Компјутерски мрежи и е-технологии на Факултетот за електротехника и информациони технологогии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје. Кандидатката ги положила предвидените испити од втор циклус на студии со просечен успех 9,88 и го одбранила магистерскиот труд под наслов „*Имплементација на модифициран рутирачки протокол во мрежен симулатор*".

Кандидатката м-р Маја Лазарова се стекнала со научен назив магистер по електротехника и информациони технологии на студиската програма Софтверско инженерство на Факултетот за електротехника и информациони технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје. Кандидатката ги положила предвидените испити од втор циклус на студии со просечен успех 8,00 и го одбранила магистерскиот труд под наслов „*Современи технологии за поддршка во образовниот систем*".

Земајќи ги предвид сродноста на научните области во кои се избира само еден соработник на Конкурсот со студиската програма од завршен втор циклус на студии на кандидатите, средниот просек од завршен втор циклус на студии на кандидатите и темите на одбранетите магистерски трудови, Комисијата смета дека кандидатката м-р Билјана Читкушева-Димитровска ги задоволува потребните критериуми за избор во соработник во звање помлад асистент/асистент за научните области *електротехника и Компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси* на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и Комисијата пристапи кон анализа на наставно-образовната и научноистражувачка дејност на м-р Билјана Читкушева-Димитровска, која е изложена подолу.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Билјана Читкушева-Димитровска** е родена во Штип, каде што завршува основно образование во училиштето „Ванчо Прке" со континуиран одличен успех. Средно образование завршува во гимназијата „Славчо Стојменски" во Штип, Природно-математичката насока, и се стекнува со проширени знаења во групата од природните области. Во текот на основното и средното образование има учествувано на повеќе регионални и републички натпревари по математика и била наградувана со пофалби и дипломи. Своето образование го продолжува на Електротехничкиот факултет во Скопје, насока Електроника и телекомуникации. Дипломира во март 2007 година со одбрана на дипломски труд со наслов „TCP/IP мултиплексирање на интернет сервисите: електронска пошта и веб" под менторство на проф. д-р Тони Јаневски и се стекнува со стручен назив дипломиран инженер по електротехника и информациски технологии.

Во септември 2009 година се запишала на постдипломски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на насоката Компјутерски мрежи и е-технологии. Во предвидениот рок ги има положено сите испити на постдипломските студии со просечен успех 9.88. На 11.4.2012 год. успешно ја одбранува магистерската теза со наслов „*Имплементација на модифициран рутирачки протокол во мрежен симулатор*" под менторство на проф. д-р Аристотел Тентов и се стекнува со научен степен магистер по електротехника и информациски технологии во областа компјутерски мрежи и е-технологии. Во периодот од 2005 до 2007 година (како апсолвент) работи во компјутерскиот центар „Полипроект", при што одржува курсеви по Microsft Office, основи на програмирање во C++ програмскиот јазик, математика, електротехника и електроника. По дипломирањето, од јуни 2008 до февруари 2011 год., работи во телекомуникацискиот оператор „Кабелтел", подружница Штип, како администратор на мрежи, одговорна за квалитетот на сервисите: интернет, телевизија и телефонија во корисничкиот сегмент, како и за активната опрема (рутери, мултиплексери) во систем станицата.

Во периодот од февруари 2011 до јуни 2011 година работи како волонтер на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев", при што одржува аудиторски вежби по предметот Дигитален пренос на информации. Исто така, учествува и во подготвителна настава по предметите Математика 1 и Математика 2.

***Објавени научни и стручни трудови***

1. Biljana Citkuseva, Marija Kalendar, Aristotel Tentov, Maja Ristova "Adding a modified protocol module in NCTUNS network simulator" - ETAI 2011 International conference, Macedonia.
2. Maja Ristova, Biljana Citkuseva, Vladimir Trajkovik "Exploring student's use of e-learning systems in higher education" - ICT Inovations 2011, Macedonia.

**Табела за бодирање на кандидатката м-р Билјана Читкушева-Димитровска според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | во земјава | во странство | |
| Одржани вежби на прв циклус на студии | 2 | 0,5 | | 1 |
| **Научноистражувачка дејност (НИ)** | | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир<br>- во странство трудовите под број: 1и 2 | 2 | | 2 | 4 |
| Учество на научен собир со реферат (усно)<br>- во земјата со трудовите под број:<br>1 и 2. | 2 | 1,5 | | 3 |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | 4 |
| **ВКУПНО (НО+НИ)** | | | | **12** |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија го прегледа научното творештво на м-р Билјана Читкушева-Димитровска и смета дека кандидатката располага со знаење од областите во кои се избира и кои се важни за извршување на работни задачи на помлад асистент на Електротехничкиот факултет при Универзитетот. Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката м-р Билјана Читкушева-Димитровска ги исполнува законските услови за избор на соработник и му предлага на Наставно - научниот совет на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ **да ја избере м-р Билјана Читкушева-Димитровска во соработничко звање - помлад асистент за научните области електротехника и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Василија Шарац – претседател, с.р.**
**Вон. проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска – член, с.р.**
**Вон. проф. д-р Стојан Рендевски – член, с.р.**